Друштвото за производство на електрична енергија и топлина ТЕ-ТО АД Скопје е претпријатие чија основна дејност е когенеративно производство на електрична и топлинска енергија во комбиниран циклус и е најголемата гринфилд инвестиција во Република Северна Македонија. Средниот годишен капацитет на постројката е 220 MW за производство на електрична енергија и 160 MW за производство на топлинска енергија. ТЕ-ТО АД Скопје е независен производител на енергија (IPP) кој го снабдува со електрична енергија пазарот во Република Северна Македонија и во регионот, но учествува и на меѓународни пазари. Топлината која се генерира во рамките на производниот процес на постројката се предава на градскиот топлински дистрибутивен систем.

ТЕ-ТО АД Скопје има потреба од вработување на динамична и мотивирана личност за пополнување на 1 (една) позиција:

1. **Помошник во производство - оператор инженер (1 позиција)**

**Опис на работното место:**

Помошникот во производство - оператор - инженер е задолжен за следење и управување на производствениот процес и обезбедување на негова непречена работа со навремено препознавање на потенцијалните опасности и навремено спречување на можните препреки во оперативноста на термо-електраната топлана.

- Работа во 12 часовни смени, вклучувајќи и ноќна работа. Прва смена од 07:00 - 19:00 часот и втора смена од 19:00 - 07:00 часот.
- Реализација на процедурите за старт, управување, исклучување или презервација на постројката.
- Редовна контрола на исправноста и функционалноста на целокупната електрична, машинска опрема и автоматика на постројката и евиденција за состојбата на истата.
- Далечинско вклучување и исклучување на опремата преку соодветен DCS систем.
- Пријавување на неправилна работа и нејзина евиденција во дневникот за работа.
- Учество во ремонтни активности на постројката.

**Потребни квалификации:**

- ВСС машински или електротехнички факултет
- Добро познавање на говорен и пишан англиски јазик
- Способност за работа во тим
- Работа со компјутер
- Работно искуство во индустрија ќе се смета за предност

**Придобивки:**

Работа на state of the art технологија. Можност за професионален развој. Континуирано надградување на знаењето. Работа на различни типови на контролни системи. Соодветен период на обука. Пријатна работна атмосфера. Приватно здравствено осигурување. Годишен одмор од 26 работни денови.

Заинтересираните кандидати можат да се пријават преку полето Брза Апликација на следниов линк: https://www.vrabotuvanje.com.mk/Rabota/427544/Pomoshnik-vo-proizvodstvo-operator-inzhener/

Крајниот рок за пријавување е 30.01.2023 год.